Акционерско друштво
ОРАНЖЕРИИ
Бр. 03-1212
25.06. 2020 год.
с. Хамзали Босилово

# З А П И С Н И К

Од седница на Управен одбор на АД Оранжерии Хамзали,одржана на ден 25.06.2020 година ,со почеток во 8,оо часот,во канцеларијата на директорот,со следниот предложен

Д н е в е н р е д

1.Донесување одлука за одржување на годишно собрание на акционери на АД Оранжерии Хамзали и утврдување на дневниот ред .

Седницата ја отвори и со неа раководеше председателот на управниот одбор и откако констатира дека управниот одбор е во полн состав се премина кон усвојување на дневниот ред.

Предложениот дневен ред едногласно со три гласа за и без ниеден против и воздржан се усвои во целост и се премина кон првата точка од дневниот ред.

Председателот на управниот одбор ги запозна членовите на Управниот одбор дека според Законот задолжително е секоја година да се одржува Собрание на акционерите на АД на која се разгледуваат и усвојуваат работењето и годишната сметка на АД од претходната година ,распределба на добивка и извештај за завршена ревизија за претходната година и даденото мислење од ревизорот и се донесува одлука на тоа акционерско годишно собрание за именување овластен ревизор за тековната година,како и донесување и на други потребни одлуки.

Потоа управниот одбор едногласно донесе

## О Д Л У К А

да се одржи годишно собрание на акционери на АД Оранжерии Хамзали со следниот дневниот ред и објавување на јавен повик

1.Избор на записничар и двајца уверувачи на записникот
2.Верификација на списокот на присутни акционери односно полномошници
3.Утврдување кворум за работа и одлучување
4.Избор на председавач на собранието
5.Усвојување на записникот од претходната седница на собранието
6.Разгледување на годишната сметка и работењето за деловната 2019 година и донесување одлука за усвојување
7.Донесување Одлука да добивката утврдена во завршната с/ка за 2019 г.не се исплака како дивидента на акционерите и истата да се реинвестира
8.Разгледување и усвојување годишен извештај за работата на управниот одбор на АД Оранжерии Хамзали

9.Извештај за завршената ревизија за 2019 година со мислење од овластен ревизор,
10.Донесување Одлука за именување овластен ревизор за годицната сметка за 2020г.

Седницата заврши во 09,00 часот.

УПРАВЕН ОДБОР
1.Васе Митев____________________
2.Ванчо Ангелов__________________
3.Јасмина Делчева________________

ПРЕДСЕДАТЕЛ
______________________
Васе Митев